Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-2615/3
13 11 2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

## ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 4.8 со намена Г3- сервиси, согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона- Изменување и дополнување, Општина Петровец (Одлука бр: 07-1494/3 од 12.11.2012 год.)

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола**, во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2615 од 14.10.2024 год, за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 ,111/23 и 171/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 4.8 со намена Г3- сервиси, согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона- Изменување и дополнување, Општина Петровец (Одлука бр: 07-1494/3 од 12.11.2012 год.), со технички број: 0801-02-09/24 од 10/2024 год изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 4.8 со намена Г3- сервиси, согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона- Изменување и дополнување, Општина Петровец (Одлука бр: 07-1494/3 од 12.11.2012 год.), со технички број 0801-02-09/24 од 10/2024 год

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Урбанистички проект (pdf.dwg)

8. Ревизија на Урбанистички проект.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 0801-02-09/24 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-2615/3 од 08.11.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 ,111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски